1830 2
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

# СЛУЖ[...]

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА Ф[...]

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Среда, 1 април 1987
БЕЛГРАД
БРОЈ 23 ГОД. XLIII

Цена на овој број е 200 динари. – Акontацијa на претплатата за 1987 година изнесува 6.000 динари. – Рок за рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

**346.**

Врз основа на член 281 став 3 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79, 52/79, 12/82, 61/82, 7/84, 25/85 и 38/86), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА УВЕРЕНИЈА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СТОКИ СПОРЕД ЦАРИНСКАТА ТАРИФА И ЗА НАДОМЕСТИТЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ТИЕ УВЕРЕНИЈА

1. Во Одлуката за постапката за издавање и користење на уверенија за распоредување на стоки според Царинската тарифа и за надоместите за издавање на тие уверенија („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/76 и 17/83) точката 9 се менува и гласи:

„9. За издавање на уверение за распоредување на стоки според Царинската тарифа за еден вид стоки, Сојузната управа за царини ќе наплати од подносителот на барањето надомест на трошоците во следните износи:

а) за стоки што подлежат на хемиско-технолошко испитување заради утврдување на видот и квалитетот на стоките, и тоа:

| | | Динари |
|---|---|---|
| 1) | за производи од животинско потекло; пијачки, алкохолни течности и тутун; производи од неорганско потекло; текстилни влакна и текстилни производи | 1.000 |
| 2) | за производи од растително потекло; производи од органско потекло; производи врз база на органски и неоргански материи; пластични материи, бои и лакови; прости и благородни метали и нивни изработки и други производи | 1.500 |
| б) | за стоки во смисла на точка 3 од оваа одлука | 500 |
| в) | за други стоки | 600" |

2. Точката 10 се менува и гласи:

„10. За писмено мислење што го издава царинарницата врз основа на член 281 став 2 од Царинскиот закон се наплатува надомест во износ од 300 динари."

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е.п. бр. 74
19 февруари 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Милош Милосавлевиќ**, с. р.

**347.**

Врз основа на член 7 став 2, во врска со член 17 став 7, член 23 и член 66 став 1 точка 15 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81, 26/84 и 71/86), во согласност со Сојузниот извршен совет, Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА НАДОМЕСТОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА РЕЗЕРВА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ДНЕВНАТА ЛИКВИДНОСТ НА БАНКИТЕ

1. Во Одлуката за надоместот за користење на задолжителната резерва за одржување на дневната ликвидност на банките („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/86 и 72/86), во точка 1 став 1 процентот: „0,197%" се заменува со процентот: „0,307%".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 27
31 март 1987 година
Белград

Претседател на Советот
на гувернерите
гувернер
на Народната банка на
Југославија,
**Душан Влатковиќ**, с. р.

**348.**

Врз основа на член 22 и член 66 став 1 точка 15 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81, 26/84 и 71/86), во согласност со Сојузниот извршен совет, Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА КАМАТНИТЕ СТАПКИ НА ПЛАСМАНИТЕ ОД ПРИМАРНАТА ЕМИСИЈА И НА ДРУГИТЕ ПОБАРУВАЊА НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за каматните стапки на пласманите од примарната емисија и на другите побарувања на Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/86 и 19/87), во точка 2 процентот: „61%" се заменува со процентот: „81%".

2. Точка 3 се менува и гласи:

„3. На износот на пласманите од точка 2 на оваа одлука кој не е вратен во договорениот рок народните банки наплатуваат затезна камата по стапка од 112% годишно.

На износот на пласманите од точка 2 на оваа одлука за кој надлежниот орган ќе утврди дека е користен без основ во прописите односно ненаменски, народните банки наплатуваат камата по стапка од 121% годишно.

Народните банки наплатуваат од банките камата по стапка од 121% годишно на износот на користените средства над износот на расположливите средства на нивните жиро-сметки, во смисла на член 111 став 3 од Законот за Службата на општественото книговодство („Службен лист на СФРЈ", бр. 70/83 и 16/86).".

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 27
31 март 1987 година
Белград

Претседател на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на Југославија,
**Душан Влатковиќ**, с. р.

## 349.

Врз основа на член 6 од Законот за привремена забрана на располагањето со делот од општествените средства за лични доходи и за заедничка потрошувачка на работниците во банкарските организации, самоуправните интересни заедници, организациите за осигурување на имот и лица, лотариите и кладилниците и здруженијата на организациите на здружен труд до 30 јуни 1987 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/87), сојузниот секретар за финансии, во спогодба со претседателот на Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита, пропишува

### ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА СРЕДСТВАТА ЗА ЛИЧНИ ДОХОДИ И ЗА ЗАЕДНИЧКА ПОТРОШУВАЧКА ЗА 1987 ГОДИНА И СОСТАВУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТКА НА СРЕДСТВАТА ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ КОРИСНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА

Член 1

Во Правилникот за начинот на утврдување на износот на средствата за лични доходи и за заедничка потрошувачка за 1987 година и составување на пресметка на средствата за определени корисници на општествени средства („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/87) во член 2 точка 1 бројот: „4" се заменува со бројот: „2", а бројот: „10" се заменува со бројот: „9".

По точка 8 се додава точка 9, која гласи:

„9) под реден број 12 го внесува износот во височина на една третина од повеќе исплатените чисти лични доходи за 1986 година за секој месец во пресметковниот период за кој се составува образецот ЛД-1. Така на пример, при составувањето на образецот ЛД-1 за пресметковниот период јануари-март 1987 година, под тој реден број внесува една третина од повеќе исплатените чисти лични доходи за 1986 година."

Член 2

Во член 6 точка 3 се менува и гласи:

„3) под реден број 4 го внесува просечниот број на вработените работници утврден врз база на часовите на работа за изминатиот пресметковен период во 1987 година."

Член 3

Во образецот ЛД-1 редните броеви 12 и 13 и називите на позициите се заменуваат со три нови редни броја, кои гласат:

„12) Износ во височина на една третина од повеќе исплатениот износ за 1986 година за секој месец во пресметковниот период.

13) Помалку исплатени чисти лични доходи што можат да се исплатат (ред. број 9 + ред. број 11 – ред. број 12 или ред. број 11 – ред. број 10 и ред. број 12).

14) Повеќе исплатени лични доходи за кои се намалуваат средствата утврдени за наредната исплата на чистите лични доходи (ред. број 10 – ред. број 11 + ред. број 12).".

Член 15

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 2798/2
1 април 1987 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
**Светозар Рикановиќ**, с. р.

## 350.

Врз основа на член 13 од Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства за лични доходи и за заедничка потрошувачка на работниците за 1987 година над растежот на продуктивноста на трудот („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/87 и 22/87), сојузниот секретар за финансии, во спогодба со претседателот на Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита, пропишува

### ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА СРЕДСТВАТА ЗА ЛИЧНИ ДОХОДИ И ЗА ЗАЕДНИЧКА ПОТРОШУВАЧКА ЗА 1987 ГОДИНА И СОСТАВУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТКА НА СРЕДСТВАТА, КАКО И ЗА НАЧИНОТ НА СВЕДУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА 1986 ГОДИНА ЗАРАДИ СПОРЕДУВАЊЕ СО ПОДАТОЦИТЕ ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Во Правилникот за начинот на утврдување на износот на средствата за лични доходи и за заедничка потрошувачка за 1987 година и составување на пресметка на средствата, како и за начинот на сведување на податоците за 1986 година заради споредување со податоците за 1987 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/87), по член 4 се додава нов член 4а, кој гласи:

„Член 4а

Основните организации на здружен труд во составот на иста работна организација што исплатата на чисти лични доходи ја вршат по одредбите од член 1 став 2 на Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства за лични доходи и за заедничка потрошувачка на работниците за 1987 година над растежот на продуктивноста на трудот, кон образецот ЛД ОЗТ, односно кон образецот ЛД – други КОС доставуваат до Службата на општественото книговодство образец Збирен ЛД, кој е составен дел на овој правилник.

Одредбата од став 1 на овој член се применува и на работните организации што се здружени во иста сложена организација на здружен труд.

Сите примероци на образецот Збирен ЛД од став 1 на овој член Службата на општественото книговодство во седиштето на работната организација односно на сложената организација на здружен труд ги заверува со свој печат. Работната организација односно сложената организација на здружен труд ги доставува до Службата на општественото книговодство на увид обрасците ЛД-ОЗТ, односно ЛД други КОС, врз основа на кои го составила образецот Збирен ЛД."

Член 2

Во член 9 став 1 точка 1 бројот: „10" се заменува со бројот: „9".

Во точка 2 кратеницата: „ЛД-ОЗТ" се заменува со кратеницата: „ЛД-ОЗТС".

По точка 2 се додава нова точка 2а, која гласи:

„2а) под редниот број 2а податоците ги внесува корисникот на општествени средства кој по завршната сметка за 1986 година искажал стапка на акумулативноста поголема од стапката на акумулативноста што е остварена

во иста или сродна дејност - подгрупа, група или на ниво на стопанството во републиката односно автономната покраина или СФРЈ (во натамошниот текст: дејност) ако одлучи, заради утврдување на просечниот месечен чист личен доход по работник, износот на исплатените аконтации на чисти лични доходи за четвртото тримесечје на 1986 година да го зголеми во согласност со одредбата на член 3 став 2 од Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства за лични доходи и за заедничка потрошувачка на работниците за 1987 година над растежот на продуктивноста на трудот, и тоа: во колоната 2 ја внесува стапката на својата акумулативност, а во колоната 3 - износот што ќе го добие кога износот под редниот број 2 ќе го помножи со половина процент за колку неговата стапка на акумулативноста е поголема од стапката на акумулативноста во дејноста. На пример, ако стапката на акумулативноста кај корисникот на општествени средства е 5, а во дејноста со која се споредува - 4, т. е. за 25% поголема од износот под редниот број 2, се множи со 12,5%;".

Во точка 3 по зборот „четвртина" се додаваат зборовите: „од пресметаните односно".

По точка 10 се додава нова точка 10а, која гласи:

„10а) под ред. бр. 13а и 13б внесуваат податоци основните организации на здружен труд односно работните организации врз основа на образецот Збирен ЛД, што го прилагаат кон својот образец ЛД-ОЗТ;".

Во точка 12 зборовите: „составувањето на образецот" се заменуваат со зборовите: „доставувањето на образецот до Службата на општественото книговодство".

Во точка 15 зборовите: „март, април и мај" се заменуваат со зборовите: „април, мај и јуни", зборовите: „две третини" - со зборовите: „три третини", а на крајот точката се заменува со точка и запирка.

По точка 15 се додава нова точка 16, која гласи:

„16) под редниот број 18 внесува износ во височина од една третина на повеќе исплатените чисти лични доходи за 1986 година за секој месец во пресметковниот период за кој го составува образецот ЛД-ОЗТ. На пример, ако образецот ЛД-ОЗТ се составува по истекот на секој месец за пресметковниот период јануари-април 1987 година, под тој реден број ќе се внесе една третина од повеќе исплатениот износ за 1986 година."

По став 5 се додаваат шест нови ставови, кои гласат:

„Стапката на акумулативноста што ја внесува под редниот број 2а во образецот ЛД-ОЗТ корисникот на општествени средства ја утврдува на истиот начин на кој Службата на општественото книговодство на Југославија ја утврдила за дејноста со која корисникот на општествени средства се споредува во согласност со општествениот договор односно со самоуправната спогодба.

По исклучок од одредбите на став 1 точ. 1 до 5 од овој член, корисникот на општествени средства што загубата во работењето во 1986 година ја покрил при изработката на завршната сметка за таа година, ако одлучи просечниот чист личен доход по работник за четвртото тримесечје на 1986 година да го зголеми до просекот на чистиот личен доход по работник што е исплатен за четвртото тримесечје од 1986 година во дејноста, под редниот број 6 во образецот ЛД-ОЗТ го внесува просечниот чист личен доход по работник за четвртото тримесечје на 1986 година во дејноста со која корисникот на општествени средства се споредува во согласност со општествениот договор односно со самоуправната спогодба.

Ако корисникот на општествени средства постапи по одредбата од став 6 на овој член, внесува податоци и под ред. бр. 1 до 5, кои нема да се согласуваат со податокот под редниот број 6.

По исклучок од одредбите на став 1 точ. 1, 2, 4, 6 и 7 од овој член, корисникот на општествени средства што ја врши дејноста на угостителството и туризмот од сезонски карактер, превоз на патници и стоки во воздушниот сообраќај, аеродромски услуги, производство на морска сол, поледелство, земјоделски услуги за растително производство, високоградба и нискоградба, ако во завршната сметка за 1986 година не искажал загуба во работењето и ако во првото полугодие од таа година остварил помалку од 35% од вкупниот приход, и корисникот на општествени средства што врши дејност распоредена според Одлуката за единствената класификација на дејностите во подгрупа 011411 - Производство на енергетски машини и уреди и во гранката 0116 - Бродоградба, како и корисникот на општествени средства што произведува предмети на вооружување и воена опрема, што ќе го определи Сојузниот извршен совет, ако одлучи износот на средствата за исплата на чисти лични доходи за 1987 година да го утврдува во согласност со член 2а од Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства за лични доходи и за заедничка потрошувачка на работниците за 1987 година над растежот на продуктивноста на трудот, при составувањето на образецот ЛД-ОЗТ:

1) под редниот број 1 го внесува износот што ќе го утврди под редниот број 4, по намалувањето за износот на повеќе исплатените чисти лични доходи за 1986 година што го искажал под редниот број 9 во образецот ЛД-КОС-1, односно под редниот број 13 во образецот ЛД-ОЗТС во делот кој се однесува на периодот за кој се составува образецот ЛД-ОЗТ. На пример, при составувањето на образецот ЛД-ОЗТ за пресметковниот период јануара-март 1987 година износот под редниот број 4 ќе го намали за три шестини од повеќе исплатените чисти лични доходи што го искажал под редниот број 9 во образецот ЛД-КОС-1 за пресметковниот период од 1 јануари до 30 јуни 1986 година;

2) под редниот број 2 го внесува износот на аконтациите на чистите лични доходи и на надоместите на чистите лични доходи од средствата на корисникот на општествени средства, што ги исплатил за соодветниот период на 1986 година за кој го составува образецот ЛД-ОЗТ;

3) под редниот број 5 го внесува просечниот број на вработените работници врз база на часовите на работа во соодветниот период на 1986 година за кој го составува образецот ЛД-ОЗТ, што ќе го утврди во согласност со став 1 точка 4 од овој член;

4) под ред. бр. 7 и 8 ја внесува стапката на растежот на својата продуктивност, односно процентот на зголемувањето на просечниот месечен доход по работник, што ќе ги утврди во 1987 година во однос на истиот период на 1986 година.

Заради споредување на просечниот месечен доход по работник во 1987 година со просечниот месечен доход по работник во 1986 година, корисникот на општествени средства од став 7 на овој член ќе го коригира доходот што го утврдил за соодветниот пресметковен период во 1986 година - во согласност со став 3 од овој член.

Стапката на акумулативноста што ја внесува под редниот број 2а во образецот ЛД-ОЗТ корисникот на општествени средства ја утврдува за истиот период и на истиот начин на кој Службата на општественото книговодство ја утврдила за дејноста."

Досегашниот став 6 станува став 12.

### Член 3

Во член 10 точка 1 бројот: „10" се заменува со бројот: „9".

По точка 2 се додава нова точка 2а, која гласи:

„2а) корисникот на општествени средства што аконтациите на чисти лични доходи за четвртото тримесечје на 1986 година ги исплатувал во височина на аконтациите за третото тримесечје на 1986 година, заради утврдување височината на просечниот месечен чист личен доход по работник, под редниот број 2а го внесува износот што ќе го добие кога износот под редниот број 2 ќе го помножи со процентот на растежот на чистиот личен доход во стопанството во четвртото тримесечје во однос на третото тримесечје на 1986 година. Ако износот под редниот број 1 е помал од износот под редниот број 2, износот што го внесува под редниот број 2а го утврдува врз основа на податоците под редниот број 1".

Во точка 3 по зборот: „четвртина" се додаваат зборовит: „од пресметаните, односно".

По точка 9 се додава нова точка 9а, која гласи:

„9а) под ред. бр. 12а и 12б внесуваат податоци основните организации на здружен труд односно работните организации од образецот Збирен ЛД, што го прилагаат кон својот образец ЛД-други КОС;".

Во точка 13 зборовите: „март, април и мај" се заменуваат со зборовите: „април, мај и јуни", а на крајот точката се заменува со точка и запирка.

По точка 13 се додава нова точка 14, која гласи:

„14) под редниот број 17 венсува износ во височина на една третина од повеќе исплатените чисти лични доходи за 1986 година за секој месец во пресметковниот период за кој го составува образецот ЛД-други КОС".

Член 4

Во член 11 точка 1 бројот: „6 се заменува со бројот: 9", а по зборот: „односно" се додаваат зборовите: „од редниот број 2".

Во точ. 3 и 4 зборовите: „март, април и мај" се заменуваат со зборовите: „април, мај и јуни".

Во точка 5, на крајот, точката се заменува со точка и запирка и се додаваат две нови точки, кои гласат:

„6) под редниот број 9 го внесува износот што ќе го добие кога просечниот месечен чист личен доход по работник за четвртото тримесечје на 1986 година (податок под редниот број 6 во образецот ЛД-ОЗТ, односно во образецот ЛД-други КОС) ќе го помножи со бројот на вработените работници во месецот за кој ја врши исплатата на лични доходи (податок под редниот број 2 во образецот ЛД-Аконтација);

7) под редниот број 10 го венсува износот што ќе го добие кога износот на загарантираниот личен доход ќе го помножи со бројот на вработените работници во месецот за кој ја врши исплатата на лични доходи.

Член 5

По член 11 се додаваат два нови члена, кои гласат:

„Член 11а

Корисникот на општествени средства што периодичната пресметка во 1987 година ја составува по истекот на секој месец, кон образецот ЛД-ОЗТ, односно кон образецот ЛД-други КОС, го доставува до Службата на општественото книговодство образецот Деловен резултат во текот на годината – Биланс на успехот.

Член 11б

Работната организација односно сложената организација на здружен труд го составува боразецот Збирен ЛД врз основа на податоците од образецот ЛД-ОЗТ односно ЛД-други КОС што ќе ги прими од основните организации на здружен труд во нејзиниот состав односно од работните организации што се здружени во сложената организација на здружен труд и од нивните работни заедници, и податоците за прераспределба на утврдените средства за исплата на чисти лични доходи според основите и мерилата утврдени во самоуправната спогодба, и тоа:

1) во колоната 2 го внесува називот и седиштето на основната организација на здружен труд односно на работната организација и на нивните работни заедници што ја склучиле самоуправната спогода со која е уредено распоредувањето на средствата за исплата на лични доходи;

2) во колоната 3 ги внесува износите на средствата што се утврдени во обрасците ЛД-ОЗТ под редниот број 13в, односно во образецот ЛД-други КОС под редниот број 12в;

3) во колоната 4 ги внесува износите на средствата што се прераспоредени според основите и мерилата од самоуправната спогодба;

4) во колоните 5 и 6 ги внесува разликите меѓу износите во колоната 3 и износите во колоната 4.

Збирот на износите во колоната 3 мора да се согласува со збирот на износите во колоната 4, односно збирот на износите во колоната 5 мора да се согласува со збирот на износите во колоната 6."

Член 6

Во член 12 став 1 точ. 3 и 4 се менуваат и гласат:

„3) под редниот број 4 го внесува индексот на растежот на чистите лични доходи кај корисникот на општествени средства, што ќе го утврди на начинот на кој ги утврдува податоците што ги внесува под ред. бр. 7 до 10 во образецот Посебни податоци;

4) под редниот број 5 го внесува просечниот број на вработените работници утврден врз база на часови на работа за изминатиот пресметковен период на 1987 година."

Член 7

Образец ЛД-ОЗТ се менува и гласи:

„Образец ЛД-ОЗТ

______________________________

(назив и седиште на корисникот на општествени средства)

______________________________

(гранка, група, подгрупа на дејности)

______________________________

(ознака на дејноста со која се споредува)

ПРЕСМЕТКА

НА СРЕДСТВАТА ЗА ИСПЛАТА НА ЧИСТИТЕ ЛИЧНИ ДОХОДИ ВО ОБЛАСТА НА СТОПАНСТВОТО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈАНУАРИ ДО ________ 1987 ГОДИНА

| Реден број | Елементи | Износ |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 1 | Средства за чисти лични доходи за четвртото тримесечје од 1986 година, според Законот | |
| 2 | Исплатени аконтации на чистите лични доходи за октомври, ноември и декември 1986 година | |
| 2а | Износ што одговара на поголемата стапка на акумулативноста во однос на дејноста со која се споредува (стапка на акумулативноста________) | |
| 3 | Една четвртина од исплатените чисти лични доходи врз основа на конечната пресметка по завршната сметка за 1986 година | |
| 4 | Вкупно (ред. број 2 + ред. број 2а + ред. број 3) | |
| 5 | Просечен број на вработените во четвртото тримесечје 1986 година | |
| 6 | Просечен месечен чист личен доход по работник за четвртото тримесечје на 1986 година (ред. број 4: ред. број 5:3 или ред. број 1: ред. број 5:3) | |
| 7 | Процент на растежот на продуктивноста на трудот | |
| 8 | Процент на зголемувањето на просечниот месечен доход по работник во однос на претходниот пресметковен период | |
| 9 | Коригиран чист личен доход по работник (ред. број 6 × ред. број 8 + ред. број 6 или ред. број 6 × ред. број 7 + ред. број 6) | |
| 10 | Просечен број на вработените работници во пресметковниот период за 1987 година | |
| 11 | Број на месеци за кои е составена пресметката | |
| 12 | Средства за чисти лични доходи (ред. број 9 × ред. број 10 × ред. број 11) | |
| 13 | Средства за чисти лични доходи според самоуправниот општ акт | |
| 13а | Намалување за износот на средствата што е пренесен на други организации | |
| 13б | Зголемување за износот на средствата што е пренесен од други организации | |
| 13в | Вкупно средства за чисти лични доходи (ред. број 12 – ред. број 13а + ред. број 13б или ред. број 13 – ред. број 13а + ред. број 13б) | |
| 14 | Исплатени чисти лични доходи за периодот за кој е составена пресметката | |
| 15 | Помалку исплатени чисти лични доходи (ред. број 13в – ред. број 14) | |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| 16 | Повеќе исплатени чисти лични доходи (ред. број 14 - ред. број 13в) | |
| 17 | Износ во височина на една третина за секој месец на повеќе исплатениот износ во 1987 година | |
| 18 | Износ во височина на една третина од повеќе исплатениот износ за 1986 година за секој месец во пресметковниот период | |
| 19 | Помалку исплатени чисти лични доходи што можат да се исплатат (ред. број 15 + ред. број 17 - ред. број 16 - ред. број 18) | |
| 20 | Износ на повеќе исплатените чисти лични доходи за кој се намалуваат средствата утврдени за наредната исплата на чистите лични доходи (ред. број 16 - ред. број 17 + ред. број 18) | |

Во ________ 198__година

(потпис на раководителот на финансиската служба) (потпис на раководителот на корисникот на општествени средства)"

Член 8

Образец ЛД-други КОС се менува и гласи:

„Образец ЛД-други КОС

(назив и седиште на корисникот на општествени средства)

(гранка, група, подгрупа на дејноста)

(ознака на дејноста со која се споредува)

ПРЕСМЕТКА

НА СРЕДСТВАТА ЗА ИСПЛАТА НА ЧИСТИТЕ ЛИЧНИ ДОХОДИ КАЈ ДРУГИ КОРИСНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈАНУАРИ ДО ________ 1987 ГОДИНА

| Реден број | Елементи | Износ |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 1 | Средства за чисти лични доходи за четвртото тримесечје на 1986 година, според Законот | |
| 2 | Исплатени аконтации на чистите лични доходи за октомври, ноември и декември 1986 година | |
| 2а | Износ што му одговара на растежот на чистиот личен доход по работник во стопанството | |
| 3 | Една четвртина од исплатените чисти лични доходи врз основа на конечната пресметка по завршната сметка за 1986 година | |
| 4 | Вкупно (ред. број 2 + ред. број 2а + ред. број 3) | |
| 5 | Просечен број на вработените во четвртото тримесечје на 1986 година | |
| 6 | Просечен месечен чист личен доход по работник за четвртото тримесечје на 1986 година (ред. број 1 или ред. број 4: ред. број 5:3) | |
| 7 | Процент на зголемување на просечниот чист личен доход по работник во стопанството односно кај корисниците за кои ги врши работите | |
| 8 | Коригиран чист личен доход по работник (ред. број 6 × ред. број 7 + ред. број 6) | |
| 9 | Просечен број на вработените работници | |
| 10 | Број на месеци за кои е составена пресметката | |
| 11 | Средства за чисти лични доходи (ред. број 8 × ред. број 9 × ред. број 10) | |
| 12 | Средства за чисти лични доходи според самоуправниот општ акт | |
| 12а | Намалување за износот на средствата што е пренесен на други организации | |
| 12б | Зголемување за износот на средствата што е пренесен од други организации | |
| 12в | Вкупно средства за чисти лични доходи (ред. број 11 - ред. број 12а + ред. број 12б или ред. број 12 - ред. број 12а + ред. број 12б) | |
| 13 | Исплатени чисти лични доходи за периодот за кој е составена пресметката | |
| 14 | Помалку исплатени чисти лични доходи (ред. број 12в - ред. број 13) | |
| 15 | Повеќе исплатени чисти лични доходи (ред. број 13 - ред. број 12в) | |
| 16 | Износ во височина на една третина од повеќе исплатениот износ во 1987 година | |
| 17 | Износ во височина на една третина од повеќе исплатениот износ за 1986 година за секој месец во пресметковниот период | |
| 18 | Помалку исплатени чисти лични доходи што можат да се исплатат (ред. број 14 + ред. број 16 - ред. број 17 или ред. број 16 - ред. број 15 - ред. број 17) | |
| 19 | Износ на повеќе исплатените чисти лични доходи за кој се намалуваат средствата утврдени за наредната исплата на чистите лични доходи (ред. број 15 - ред. број 16 + ред. број 17) | |

Во ________ 198__ година

(потпис на раководителот на финансиската служба) (потпис на раководителот на работната заедница)"

Член 9

Во образецот ЛД - Аконтација, по реден број 8 се додаваат три нови редни броја, кои гласат:

„9 Средства во височина на просечниот месечен чист личен доход по работник за четвртото тримесечје на 1986 година
10 Средства во височина на со Закон загарантираниот личен доход
11 Износ од налогот за исплата.".

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1-2798/2
1 април 1987 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Светозар Рикановиќ**, с. р.

ЗБИРЕН ЛД

(назив и седиште на работната организација)

(назив и седиште на сложената организација на здружен труд)

ЗБИРНА ПРЕСМЕТКА

на средствата за исплата на чистите лични доходи за периодот од 1 јануари до ______ 1987 година

| Реден број | Назив и седиште на организацијата на здружен труд | Утврдени средства според Законот | Распоредени средства според самоуправната спогодба | Разлика: Намалување (3-4) | Разлика: Зголемување (4-3) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | . . . . . . . . . . . . . | | | | |
| | . . . . . . . . . . . . . | | | | |
| | . . . . . . . . . . . . . | | | | |
| | . . . . . . . . . . . . . | | | | |
| | Вкупно: | | | | |

Во ______ 198__ година

(потпис на работникот кој ја составил пресметката)

(потпис на раководителот на организацијата на здружен труд)

(потпис и печат на Службата на општественото книговодство)

351.

Врз основа на член 21 став 1 точка 11 од Законот за Службата на општественото книговодство („Службен лист на СФРЈ" бр. 70/83 и 16/86), а во врска со член 9 став 2 од Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства за лични доходи и за заедничка потрошувачка на работниците за 1987 година над растежот на продуктивноста на трудот („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/87 и 22/87), Службата на општественото книговодство на Југославија, врз основа на завршната сметка на организациите на здружен труд од областа на стопанството за 1986 година, утврди

# СТАПКИ НА АКУМУЛАТИВНОСТА ПО ПОДГРУПИ НА ДЕЈНОСТИ[1])

Стапки на акумулативноста: во проценти со еден децимал

| НАЗИВ И ШИФРА НА ДЕЈНОСТА | СФРЈ | СР Босна и Херцеговина | Ср Црна Гора | СР Хрватска | СР Македонија | СР Словенија | СР СРБИЈА: вкупно | СР СРБИЈА: терит. на СР Србија надвор од тер. на САП | СР СРБИЈА: САП Косово | СР СРБИЈА: САП Војводина |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| 000002 Вкупно - Стопанство | 3,5 | 3,4 | 1,3 | 3,7 | 1,9 | 5,0 | 3,0 | 3,0 | 1,7 | 3,5 |
| 010000 Индустрија и рударство | 3,3 | 3,0 | 1,2 | 3,6 | 2,2 | 5,1 | 2,8 | 2,7 | 1,7 | 3,3 |
| 010100 Електростопанство | 1,3 | 0,7 | 1,3 | 0,5 | 0,7 | 0,3 | 2,7 | 3,2 | 0,3 | 2,1 |
| 010101 Хидроелектрани | 1,3 | 0,1 | 0,4 | 0,0 | 0,6 | 0,0 | 3,7 | 3,7 | - | - |
| 010102 Термоелектрани | 0,9 | 1,1 | 0,5 | 0,3 | 0,2 | 1,2 | 1,1 | 1,4 | 0,1 | 1,3 |
| 010103 Нуклеарни електрани | 0,3 | - | - | - | - | 0,3 | 0 | 0 | - | 0 |
| 010104 Пренос на електрична енергија | 1,3 | 0,1 | 0,6 | 0 | 1,1 | 0 | 3,9 | 4,5 | 3,4 | 1,0 |
| 010105 Дистрибуција на елек.енерг. | 2,2 | 1,6 | 4,9 | 1,5 | 2,5 | 0,2 | 3,7 | 4,4 | 0,5 | 3,0 |
| 010200 Произ. на јаглен | 2,6 | 5,8 | 1,7 | 0,8 | 0,2 | 0,3 | 2,2 | 2,1 | 3,0 | - |
| 010201 Произ. на на кам. јаг. | 0,9 | - | - | 0,9 | - | - | 1,1 | 1,1 | - | - |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 010202 Произ. на мрк јаглен | 3,6 | 5,0 | 0 | – | – | 1,0 | 2,4 | 2,4 | – | – |
| 010203 Производство на лигнит | 2,4 | 6,9 | 1,9 | 0 | 0,2 | 0 | 2,2 | 2,1 | 3,0 | – |
| 010300 Прераб. на јаглен | 7,4 | 8,7 | 0,0 | 7,4 | – | – | 0 | – | 0 | – |
| 010301 Производство на кокс | 7,8 | 8,7 | 0,0 | 7,4 | – | – | – | – | – | – |
| 010302 Произ. на карбогас | 0 | – | – | – | – | – | 0 | – | 0 | – |
| 010400 Произ. на нафта и гас | 1,7 | – | – | 0,2 | – | – | 4,6 | 0 | – | 5,2 |
| 010410 Произ. на сур. нафта | 1,3 | – | – | 0,2 | – | – | 4,0 | 0 | – | 4,6 |
| 010420 Произ. на земен гас | 7,6 | – | – | – | – | – | 7,6 | – | – | 7,6 |
| 010500 Произ.на дерив. на нафта | 0,9 | 0,3 | – | 0,6 | 2,0 | 2,4 | 1,2 | 4,6 | – | 1,0 |
| 010600 Произ.на руда на железо | 1,3 | 1,0 | – | – | 5,4 | – | 0,1 | 0,1 | – | – |
| 010700 Црна металургија | 1,4 | 1,7 | 0,4 | 2,4 | 2,1 | 2,6 | 0,5 | 0,3 | 0,9 | 2,7 |
| 010710 Произ. на жел. и челик | 1,3 | 1,7 | 0,4 | 2,1 | 2,2 | 2,5 | 0,5 | 0,3 | 2,3 | 2,7 |
| 010711 Произ. на железо | 1,5 | 0,7 | – | 1,3 | 4,1 | 0,3 | 2,1 | 2,4 | – | 0 |
| 010712 Произ. на челик | 2,0 | 1,6 | 0,4 | 2,9 | 3,7 | 2,4 | 1,5 | 0 | – | 12,0 |
| 010713 Произ. на вал. челик | 1,1 | 2,1 | 0,5 | 2,0 | 1,6 | 2,7 | 0,2 | 0,0 | 2,3 | 7,0 |
| 010720 Произ. на феролегури | 1,5 | 1,0 | – | 3,3 | 1,3 | 4,6 | 0 | – | 0 | – |
| 010800 Произ. на руд. на об. мет. | 0,9 | 4,8 | 1,4 | 1,9 | 0,5 | 0,4 | 0,5 | 0,5 | 0,7 | – |
| 010810 Произ. на руд. на бакар | 0,2 | – | – | – | 0 | – | 0,3 | 0,3 | – | – |
| 010820 Произ. на руд. на ол. и цинк | 1,3 | 0,0 | 0 | – | 3,0 | 0 | 0,7 | 2,6 | 0,0 | – |
| 010830 Произ. на боксит | 5,5 | 9,0 | 2,0 | 1,9 | – | – | 5,7 | – | 5,7 | – |
| 010890 Произ. на други руди на мет. | 0,2 | 1,5 | – | – | 0,0 | 0,4 | 6,8 | 0,4 | 16,7 | – |
| 010900 Произ. на об. метали | 0,7 | 0,0 | 0,0 | 0,2 | 10,1 | 0,9 | 0,8 | 1,1 | 0,1 | – |
| 010910 Произ. на бакар | 0,4 | – | – | – | – | – | 0,4 | 0,4 | – | – |
| 010920 Произ. на олово | 0,6 | 6,9 | – | – | – | 1,3 | 0,1 | – | 0,1 | – |
| 010930 Произ. на цинк | 3,8 | – | – | – | 10,1 | – | 0,8 | 1,9 | 0 | – |
| 010940 Произ. на глин. и алумин. | 0,1 | 0 | 0,0 | 0,2 | – | 0,9 | – | – | – | – |
| 010941 Произ. на глиница | 0,1 | 0 | 0 | 0 | – | 1,4 | – | – | – | – |
| 010942 Произ. на алуминиум | 0,1 | 0 | 0,0 | 0,2 | – | 0,7 | – | – | – | – |
| 010990 Произ. на др. об. метали | 5,4 | – | – | – | – | 0 | 5,8 | 5,8 | – | – |
| 010991 Произ. на антимон | 9,4 | – | – | – | – | – | 9,4 | 9,4 | – | – |
| 010992 Произ. на жива | 0 | – | – | – | – | 0 | – | – | – | – |
| 010999 Друго произ. на об. метали | 4,5 | – | – | – | – | – | 4,5 | 4,5 | – | – |
| 011000 Прераб. на об. метали | 3,6 | 2,2 | 0,3 | 2,7 | 2,1 | 4,5 | 4,5 | 4,7 | 4,3 | 2,0 |
| 011010 Прераб. на алуминиум | 2,0 | 0,1 | 0,3 | 2,5 | 0,4 | 1,0 | 4,8 | 4,8 | – | – |
| 011090 Прераб. на други об. метали | 5,9 | 8,3 | – | 6,3 | 6,1 | 10,9 | 4,4 | 4,6 | 4,3 | 2,0 |
| 011091 Прераб. на бакар | 6,0 | – | – | 1,7 | 6,1 | 19,7 | 4,4 | 4,6 | – | 2,0 |
| 011092 Прераб. на олово | 3,7 | – | – | 10,3 | – | – | 0 | – | 0 | – |
| 011093 Прераб. на цинк | 5,8 | – | – | – | – | 5,8 | – | – | – | – |
| 011099 Друга прераб. на об. метали | 7,5 | 8,3 | – | – | – | – | 7,1 | – | 7,1 | – |
| 011100 Произ. на неметали | 4,3 | 2,5 | 8,8 | 11,2 | 2,8 | 10,7 | 2,0 | 2,0 | 0,2 | 12,9 |
| 011110 Произ. на немет. минерали | 3,6 | 3,7 | 10,7 | 8,6 | 2,8 | 9,2 | 2,0 | 2,0 | 0,2 | 12,9 |
| 011111 Произ. на азбест | 0,3 | 3,5 | – | – | – | – | 0 | 0 | – | – |
| 011112 Произ. на магнезит | 3,8 | 0,3 | – | 7,7 | – | – | 3,7 | 6,1 | 0,2 | 12,9 |
| 011113 Произ. на кварцен песок | 5,7 | 2,6 | – | 7,3 | 1,1 | 29,5 | 2,1 | 2,1 | – | – |
| 011119 Произ. на други немет. | 4,1 | 4,1 | 10,7 | 9,2 | 2,9 | 6,1 | 0,8 | 0,8 | 0,5 | 0 |
| 011120 Произ. на соли | 5,9 | 2,1 | 8,8 | 14,6 | – | 19,7 | – | – | – | – |
| 011121 Произ. на морска сол | 12,0 | – | 8,8 | 14,6 | – | 19,7 | – | – | – | – |
| 011129 Произ. на други соли | 2,1 | 2,1 | – | – | – | – | – | – | – | – |
| 011200 Прераб. на неметали | 3,9 | 1,6 | 0,3 | 6,6 | 2,2 | 6,2 | 3,0 | 2,8 | 0,2 | 4,9 |
| 011210 Произ. на стакло | 2,8 | 1,7 | – | 7,5 | 0,7 | 0,7 | 2,2 | 1,7 | – | 6,6 |
| 011211 Произ. на рамно стакло | 12,5 | – | – | 12,9 | – | – | 11,6 | – | – | 11,6 |
| 011212 Произ. на амбалажно стакло | 3,2 | – | – | 6,3 | 0 | 0 | 2,1 | 2,1 | – | – |
| 011219 Произ. на друго стакло | 1,4 | 1,7 | – | 3,9 | 0,9 | 0,8 | 1,5 | 1,4 | – | 2,4 |
| 011220 Произ.на огноот. мат. | 4,2 | 1,3 | – | 6,3 | 4,4 | 1,9 | 4,7 | 5,0 | 0,1 | – |
| 011230 Произ. на порцелан | 3,4 | 1,6 | – | 4,5 | 0,7 | 7,2 | 3,0 | 3,6 | 0,2 | 3,0 |
| 011231 Произ. на порц. за домаќ. | 2,6 | 0 | – | 2,9 | 0,1 | 16,6 | 0,4 | 0,4 | – | – |
| 011232 Произ. на тех. керамика | 3,6 | 1,8 | – | 4,8 | 1,3 | 5,5 | 3,5 | 5,3 | 0,2 | 3,0 |
| 011290 Друга прераб. на немет | 7,0 | 1,6 | 0,3 | 7,4 | 12,7 | 10,4 | 3,7 | 2,2 | – | 12,2 |
| 011291 Произ. на азбест. произ. | 6,3 | 1,1 | – | 10,1 | – | 13,4 | 1,7 | 1,7 | – | – |
| 011292 Произ. на граф. произв. | 1,1 | – | 0,3 | 1,2 | – | 41,0 | – | – | – | – |
| 011299 Прераб. на други немет. | 10,3 | 8,5 | – | 14,2 | 12,7 | 9,4 | 11,2 | 8,8 | – | 12,2 |
| 011300 Металопрераб. деј. | 4,6 | 4,4 | 2,3 | 5,1 | 2,1 | 6,3 | 4,0 | 3,8 | 1,8 | 5,8 |
| 011310 Произ. на репро. материјали | 4,5 | 4,9 | 0,2 | 4,3 | 2,6 | 6,6 | 3,7 | 2,8 | 2,9 | 6,3 |
| 011311 Произ. на леани произв. | 3,3 | 3,2 | 0,0 | 4,0 | 3,4 | 4,8 | 2,7 | 2,1 | 2,4 | 4,4 |
| 011312 Произ. инсталац. материјали | 5,5 | 6,1 | 0,5 | 5,5 | 0,4 | 6,8 | 5,0 | 2,8 | 9,8 | 8,8 |
| 011313 Произ. на алат | 5,9 | 6,2 | 0,8 | 5,8 | 2,7 | 6,7 | 5,7 | 3,6 | 0 | 11,0 |
| 011314 Произ. на метал. амбалажа | 4,1 | 0,3 | – | 4,4 | 0 | 7,3 | 2,8 | 1,8 | 0,8 | 5,1 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 011315 Произ. на жич. стоки | 3,6 | 4,8 | 0,5 | 2,3 | 4,1 | 3,7 | 3,4 | 3,6 | 0,1 | 5,1 |
| 011316 Произ. на лагери | 3,9 | 7,0 | 0,1 | 3,1 | - | - | 3,3 | 2,6 | - | 6,2 |
| 011319 Произ. на други метални матер. | 6,5 | 4,7 | - | 3,7 | 4,8 | 11,8 | 3,3 | 7,2 | 0,8 | 3,1 |
| 011320 Произ. на метал. конструкц. | 3,5 | 2,6 | 0 | 5,3 | 0,9 | 4,0 | 3,0 | 3,4 | 0,9 | 1,9 |
| 011390 Произ. на други метал. произв. | 5,7 | 4,5 | 18,7 | 8,8 | 4,0 | 8,0 | 5,2 | 5,4 | 0,2 | 12,1 |
| 011400 Машиноградба | 5,4 | 5,5 | 0,1 | 6,9 | 2,1 | 6,3 | 3,8 | 3,6 | 1,2 | 4,7 |
| 011410 Произ. на маш. и уреди | 5,8 | 6,1 | 0,1 | 7,3 | 2,1 | 6,7 | 4,1 | 3,9 | 1,2 | 4,9 |
| 011411 Произ. на енерг. машини | 6,1 | 11,1 | - | 4,6 | - | 3,8 | 6,3 | 6,3 | 14,4 | 0 |
| 011412 Произ. на градеж. машини | 3,7 | 3,3 | 0,1 | 3,3 | - | 5,7 | 3,1 | 2,8 | 0 | 7,2 |
| 011413 Произ. на маш. за обраб. на мет. | 8,3 | 5,0 | - | 16,3 | 1,7 | 7,1 | 4,7 | 6,2 | - | 3,4 |
| 011419 Произ. на други машини | 5,6 | 2,7 | 0 | 6,7 | 2,3 | 7,7 | 3,8 | 3,1 | 0,9 | 6,2 |
| 011420 Произ. на земјод. машини | 1,7 | 4,2 | - | 2,7 | - | 2,1 | 0,9 | 0,5 | - | 2,4 |
| 011430 Произ. на профес. опрема | 6,5 | 3,0 | - | 10,9 | - | 7,3 | 9,5 | 9,5 | - | 9,6 |
| 011500 Произ. на сообр. средства | 3,2 | 3,4 | 1,0 | 5,6 | 1,5 | 3,0 | 3,0 | 2,9 | 1,4 | 4,2 |
| 011510 Произ. и поправ. на шин. возила | 4,6 | 1,3 | - | 7,1 | 4,6 | 7,3 | 2,2 | 1,6 | - | 6,2 |
| 011511 Произ. на шин. возила | 4,1 | 0,9 | - | 9,4 | 5,2 | 2,1 | 0,5 | 0,5 | - | - |
| 011512 Поправ. на шин. возила | 5,4 | 2,2 | - | 2,9 | 1,4 | 9,3 | 6,0 | 5,8 | - | 6,2 |
| 011520 Произ. на друм. возила | 3,0 | 4,1 | 1,0 | 4,8 | 1,1 | 2,5 | 2,8 | 2,6 | 1,4 | 4,7 |
| 011521 Произ. на мотори | 2,1 | 4,2 | - | 6,3 | - | 1,1 | 0,8 | 0,4 | - | 7,5 |
| 011522 Произ. на камиони | 2,4 | 9,6 | - | 4,3 | 2,1 | 1,2 | 1,9 | 1,1 | - | 6,1 |
| 011523 Произ. на автомобили | 1,5 | 1,1 | - | - | - | 4,2 | 0 | 0 | - | - |
| 011524 Произ. на трактори | 1,0 | 5,1 | - | 2,5 | - | - | 0 | 0 | - | - |
| 011525 Произ. на мотоцикли | 1,0 | - | - | - | - | 1,0 | - | - | - | - |
| 011526 Произ. на велосипеди | 1,7 | 0,6 | - | 10,7 | - | 3,3 | 0 | - | - | 0 |
| 011527 Произ. на дел. за возила | 5,3 | 5,9 | 1,0 | 9,4 | 0,6 | 5,6 | 5,6 | 6,3 | 1,4 | 3,7 |
| 011530 Произ. на воздухопл. сред. | 1,3 | 1,0 | - | 3,7 | - | - | 0,8 | - | - | 0,8 |
| 011590 Произ. на др. сообр. сред. | 6,7 | - | - | - | - | 2,9 | 7,5 | 10,8 | - | 2,0 |
| 011600 Бродоградба | 3,2 | - | 4,0 | 2,5 | - | 15,1 | 7,7 | 7,5 | - | 7,9 |
| 011601 Поморска бродоградба | 2,6 | - | 4,0 | 2,5 | - | 15,1 | - | - | - | - |
| 011602 Речна бродоградба | 7,7 | - | - | 1,1 | - | - | 7,7 | 7,5 | - | - |
| 011700 Произ. на ел. маш. и апарати | 4,4 | 4,1 | 1,1 | 6,8 | 2,2 | 5,0 | 3,0 | 2,7 | 4,3 | 7,9 |
| 011710 Произ. на електр. маш. | 4,5 | 3,5 | 0,3 | 5,4 | 1,5 | 4,9 | 5,0 | 4,1 | 9,0 | 4,1 |
| 011720 Произ. на елект. апар. | 5,5 | 6,6 | 3,4 | 7,6 | 6,2 | 5,0 | 4,6 | 4,6 | - | 5,8 |
| 011721 Произ. на дел. за ел. ап. | 4,8 | 14,5 | - | 5,3 | 7,2 | 5,7 | 3,3 | 3,2 | - | 4,8 |
| 011722 Произ. на радио и ТВ апарати | 3,6 | 5,2 | - | 4,1 | 0 | 3,5 | 3,0 | 3,0 | - | 12,7 |
| 011723 Произ. на комуник. уреди | 4,6 | 5,9 | 3,4 | 6,4 | 5,1 | 3,5 | 4,3 | 4,3 | - | - |
| 011724 Произ. на мерна опрема | 6,5 | 5,7 | - | 12,0 | - | 4,8 | 6,1 | 6,3 | - | 4,9 |
| 011729 Произ. на други ел. апарати | 7,6 | 7,8 | - | 7,8 | 3,5 | 9,2 | 6,2 | 6,4 | - | 0,7 |
| 011730 Произ. на кабли | 2,1 | 2,0 | 0,5 | 8,5 | 6,9 | 0 | 1,2 | 1,0 | - | 2,1 |
| 011740 Произ. на апарати за домаќ. | 3,9 | 0,9 | 1,0 | 3,7 | 0 | 6,2 | 1,3 | 1,4 | 0 | - |
| 011741 Произ. на техн. апарати | 5,6 | 0 | - | 3,2 | - | 8,1 | 1,7 | 1,7 | - | - |
| 011742 Произ. на разлад. апарати | 2,7 | 1,0 | 0,9 | 6,1 | 0 | 5,1 | 0,8 | 0,8 | - | - |
| 011743 Произ. на апарати за перење | 1,5 | - | 5,2 | - | - | 1,8 | 0 | 0 | - | - |
| 011749 Произ. на др. ап. за домаќ. | 7,6 | - | - | - | - | 19,7 | 1,5 | 1,8 | 0,0 | - |
| 011790 Друго произ. на ел. апар. | 4,4 | 3,9 | 1,0 | 8,9 | 0,4 | 4,0 | 3,7 | 2,4 | 3,7 | 9,5 |
| 011791 Произ. на ел. инст. матер. | 11,7 | - | - | 9,9 | - | 17,7 | 9,5 | 8,3 | - | 14,8 |
| 011792 Произ. на сијалици | 5,0 | - | - | 3,7 | 1,9 | 1,3 | 10,0 | - | - | 10,0 |
| 011793 Произ. на акумулатори | 2,1 | 2,7 | - | 3,4 | 0 | 0,7 | 2,9 | 1,3 | 3,7 | 4,9 |
| 011799 Произ. на несп. ел. произ. | 4,6 | 5,1 | 1,0 | 12,8 | 1,6 | 3,4 | 0,7 | 0,7 | - | - |
| 011800 Произ. на хем. производи | 1,8 | 2,5 | 9,2 | 1,2 | 3,0 | 8,0 | 0,8 | 1,1 | 0,1 | 0,4 |
| 011810 Произ. на хемик. | 2,3 | 2,2 | 9,2 | 1,9 | 7,3 | 8,3 | 0,9 | 1,4 | - | 0,3 |
| 011820 Произ. на хемик. за земјод. | 1,1 | 13,6 | - | 0,6 | 2,0 | 7,3 | 0,7 | 0,9 | 0 | 0,6 |
| 011830 Произ. на хем. влак. и маси | 1,9 | 1,7 | - | 1,3 | 2,7 | 7,5 | 0,5 | 0,8 | 0,1 | 0,3 |
| 011831 Произ. на хем. влакна | 1,7 | 2,1 | - | 1,1 | 2,0 | 2,8 | 0,9 | 1,0 | 0,1 | 1,9 |
| 011832 Произ. на пласт. маси | 2,0 | 0,4 | - | 1,3 | 4,1 | 14,4 | 0,2 | 0,5 | - | 0,0 |
| 011900 Прераб. на хем. производи | 5,3 | 2,7 | 0,6 | 4,9 | 1,7 | 10,7 | 3,2 | 2,9 | 2,4 | 4,2 |
| 011910 Произ. на лекови | 3,9 | 3,4 | - | 2,9 | 0,3 | 7,0 | 2,5 | 1,4 | 3,7 | 4,4 |
